Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

Државен просветен инспекторат

# ЗАПИСНИК

## од извршен вонреден инспекциски надзор

Број: 09-68

Датум 05.06.2023

**1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:**

| | |
|---|---|
| ОПШТИНА | Прилеп |
| Назив на субјектот на надзор | ООУ „ Кире Гаврилоски-Јане " |
| Седиште/адреса на субјектот | Јоска Јорданоски бр.46 |
| Адреса за е-пошта | [redacted] |
| Телефон | 048 427-604 |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | [redacted] |
| Број на жиро сметка на субјект[redacted] | |
| Банка депонент | НБРМС |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Влатко [redacted] | [redacted] | [redacted] |

**2) Податоци за инспекцискиот надзор**

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 05.06.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 9.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор (дд.мм.гггг) | 05.06.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 10.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ООУ „ Кире Гаврилоски Јане ",,-Прилеп | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | основно образование | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Јоска Јорданоски бр.46 | | |

**3)Инспекцискиот надзор е извршен врз основа** на:

1. месечниот план за работа на инспекциската служба
2. налог издаден од раководителот на инспекциската служба бр.09-584/2 од 18.05.2023 година.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од**

Антониела [redacted], Советник -Виш Државен просветен инспектор во ДПИ - Прилеп.

5) **5) Предмет на инспекцискиот надзор** допис препратен од страна на Државен управен инспекторат, а кој се однесува на барање на [redacted] [redacted] од Прилеп преку адвокат [redacted] со барање за вршење на вонреден инспекциски надзор во однос на барање за трансформација на работен однос во ООУ„Кире ГаврилоскиЈане" Прилеп, член 2,8.16, 21 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) и член 66 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019 година).

6) **При извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка, поради тоа што надзорот е вонреден.**

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Влатко К[redacted] | [redacted] | [redacted] |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| | | |

9) **Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:**

Од разгледување на педагошката евиденција и документација доставена за време на инспекцискиот надзор, како и разговорите со присутните , а во однос на наводите во дописот доставен од страна на Државниот управен инспекторат кои се во надлежност на Државниот просветен инспекторат се констатира следната фактичка состојба:

Од страна на ООУ„Кире Гаврилоски Јане" Прилеп согласно член 66 став 2 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019 година) до општина Прилеп Комисија за трансформација на работен однос доставено е барање број 03-43/1 од 15.02.2022 година со кое се бара трансформавција на работен однос за Орнела Змејкоска од определено на неопределено работно време,

Градоначалникот на општина Прилеп формирал комисија за трансформација на работен однос согласно член 66 став 2 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019 година) со Решение број 08-3466/1 од 27.09.2022 година , за период од три години.

Комисијата за трансфорнмација на работен однос при општина Прилеп одржала состанок на 28.10.2022 година, после формирањето на паралелките во училиштата во општина Прилеп и добивањето на согласностите за вработувања од Министерството за образование и наука .

Од причина што се работи за нова учебна година Комисијата до училиштата согласно член 66 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019 година) побарала да достават за кандидатите за кои се бара трансформација на работен однос (меѓу кои и за О[redacted] З[redacted])

- извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија,
- изјава од директорот на училиштето дека работното место за кое се бара трансформација е ослободено по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,
- изјава од директорот на училиштето дека има трајна потреба од наставникот, односно стручниот соработник и нема да предизвика технолошки вишок,
- копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот,
- копија од уверение за положен стручен испит и
- анализа на работните места на ниво на училиште.

Дописот во ООУ„Кире Гаврилоски-Јане" Прилеп е добиен на 03.11.2022 година.

Од стрна на директорот на ООУ„Кире Гаврилоски Јане" Прилеп' до општинаската комисија за работен однос на 16.12.2022 година доставен е допис број 03-375/1 од 15.12.2022 година дека лицето О[redacted] З[redacted] не е во работен однос во училиштето.

Од страна на Општинската комисија за работен однос согласно член 66 став 7 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019 година), документацијата за О[redacted] З[redacted] е вратена во училиштето со допис број 03-221/1 од 23.01.2023 година.

Република Северна Македонија

**Државен просветен инспекторат**

Од страна на директорот на училиштето е донесена Одлука број 02-35/2 од 31.01.2023 година за одбивање на трансформацијата за работен однос за О[redacted] З[redacted] и истата е известена со допис на 11.05.2023 година , констатирано од приемна книга на македонска пошта лист број 10 редден број 2 од 11.05.2023 година.

По истото барање за трансформација на работниот однос на О[redacted] З[redacted] преку адвокатот Ж[redacted] С[redacted] , како и работата на општинската комисија во просториите на општина Прилеп направен е вонреден инспекциски надзор и од страна на Управен инспектор и од негова страна е констатирано на записник број 10-600 од 11.05.2023 година дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на општинаската комисија за работен однос во општина Прилеп и субјектот на инспекцискиот надзор и се запира постапката.

врз основа на инспекцискиот надзор (да се заокружи само едно):

1. Од извршениот вонреден инспекциски надзор во работењето во ООУ„Кире Гаврилоски-Јане" Прилеп во однос на допис доставен од Државен управен инспекторат за трансформација на работен однос на О[redacted] З[redacted] преку адвокат Ж[redacted] С[redacted], Државниот просветен инспектор констатира дека нема повреди на член член 66 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019 година) поради што предметот ќе биде затворен.

2.

- Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

3) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: | | Датум: | 05.06.2023 година |
| Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините. | | | |